Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-1778/1 од 20.04.2026 година, со наводи за сомневање за сторена злоупотреба на службена положба и измама од страна на нотар во подрачјето на Скопје при постапување во постапка за купопродажба на земјиште 2003 година со пренос на право на трајно користење на истото, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај поради тоа што наводите по однос на дејствијата преземени од пријавеното лице се однесуваат на активности кои не се предмет на нејзино надлежно постапување туку се активности за кои надлежност за постапување има друг надлежен орган, а пријавеното лице не се наоѓа на активната листа на нотари кои работат во подрачјето на Скопје и неговото име не се појавува во Именикот на нотари објавен на веб страницата на Нотарска комора на Република Северна Македонија. Воедно, конкретните предметни дејствија биле преземени пред повеќе години односно, во текот на 2003 година, со што настапила застареност на постапката, што подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторени коруптивни дејствувања, кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.
Наводите за сомневања за изборни прекршувања и нерегуларности во изборниот процес за Парламентарните избори 2024 година не се потврдуваат.

Предметот со број 12-1778/1 од 20.04.2026 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 20.04.2026 година до ДКСК доставена е пријава заведена под број 12-1778/1 во која се изнесени наводи за сомневање за сторена злоупотреба на службена положба и измама од

страна на Нотар ---------------------- од Скопје при постапување во постапка за купопродажба на земјиште 2003 година со пренос на право на трајно користење на истото.
Во конкретнитот случај станува збор за договор за купопродажба на деловна зграда склучен на 08.06.2003 година, со кој на ТДТПУ -------------- и ------------ ДОО Скопје како купувач му се пренело и право на користење на државно неизградено земјиште, а кое право го стекнал продавачот ------„------------“ Скопје по основ на замена за национализирано земјиште на парцела во КО ----------.
За предметното земјиште, во текот на 2024 година била спроведена постапка за приватизација, за која подносителот смета дека е проблематична поради тоа што се сомнева дека од страна на Нотар --------------- од Скопје во 2003 година била сторена злоупотреба на службена положба и измама при солемнизацијата на купопродажниот договор заведен со број ОДУ -----/---- во кој тој ги додал зборовите и право на трајно користење со што ја сменил правната состојба на земјиштето кое било дадено на користење. Подносителот на пријавата смета дека со ваквото постапување именуваниот нотар ги довел во заблуда државните органи кои понатаму одлучувале во постапката на приватизацијата со надомест, а како резултат на тоа купувачот на деловниот простор се стекнал со право на откуп на 445 $м^2$ земјиште под објектот иако истото не претставувало 50% од вкупната површина на земјиштетоа а на штета на стварниот корисник на земјиштето.
Во пријавата се изнесени и наводи за сомневање за изборни прекршувања и нерегуларности поради тоа што Решението за приватизација за предметното земјиште било донесено на 07.02.2024 година, во време на распишани Парламентарни избори во Република Северна Македонија.

По разгледување на предметната пријава и приложената документација кон истата, ДКСК констатира дека дејствијата преземени од пријавеното лице се однесуваат на активности кои не се предмет на нејзино надлежно постапување туку се активности за кои надлежност за постапување има друг надлежен орган, а пријавеното лице не се наоѓа на активната листа на нотари кои работат во подрачјето на Скопје и неговото име не се појавува во Именикот на нотари објавен на веб страницата на Нотарска комора на Република Северна Македонија. Воедно, конкретните предметни дејствија биле преземени пред повеќе години односно, во текот на 2003 година, со што настапила застареност на постапката, што подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторени коруптивни дејствувања, кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.
По однос на наводите за сомневања за изборни прекршувања и нерегуларности во изборниот процес за Парламентарните избори 2024 година, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите од причина што Решението за распишување избори за пратеници во собранието на Република Северна Македонија е донесено на 14.02.2024 година, што значи дека предметното решение било склучено пред започнување на изборниот процес.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Доставено до: Подносителот на пријавата